148

Тематска изложба на Градскиот музеј

# Скопје 63 низ ликовни творби

**Изложбата ќе биде прикажана во рамките на „Средбата на солидарноста“**

**Годинава „Средбата на солидарноста“ донесува една пријатна новина: покрај учеството на странски уметници во „Средбата“ ќе бидат заступени и скопските уметници, друштва и установи со дела од својата активност. Веќе се знае репертоарот на Средбата, се знае и учеството на скопските институции: Музејот на современа уметност, ДЛУМ и Градскиот музеј кои во рамките на Средбата ќе отворат изложби.**

Појавувањето на втората Средба е условено и од времето — подолго за подготовки отколку што беше за првата Средба — и можностите што тоа време ги даде: да се избере за прикажување она што ќе биде на ниво на Средбата.

Музејот на современата уметност ќе ја прикаже својата колекција на подарени ликовни дела на уметници од целиот свет. ДЛУМ исто така ќе прикаже изложба на дела од своите членови, а Градскиот музеј, се вклучува во Средбата со изложба на ликовни дела и во Уметничката галерија. Работите се речиси при крај. Ликовните уметници мошне брзо се одзваа на поканата на Музејот да учествуваат во оваа манифестација — тематската изложба „Скопје 63 низ ликовни дела“. Нивните дела — осумдесетина, се веќе пристигнати во Музејот.

— Во почетокот ние, од Музејот, изложбата ја замисливме како изложба на дела од македонски автори — вели директорот на Музејот **Драгољуб Богоевиќ.** — Веруваме дека катастрофата се нашла и во ликовното творештво и, дека, како сите ние што сторивме нешто во својата професија, а што доживеавме како луѓе, и ликовните уметници ја прикажаа со свои изразни средства во свој стил. Таа најблиска им беше на македонските уметници — тие ја доживеаја и затоа отпрвин изложбата беше замислена како изложба на дела од македонски автори инспирирани од 26-јулската катастрофа. По тоа, на предлог на Градското собрание, изложбата го измени својот карактер: таа ќе ги презентира делата на југословенските ликовни уметници во кои е прикажан земјотресот.

Градскиот музеј за учество во изложбата ги покани сите уметници од Југославија, преку нивните ликовни друштва.

— Одзивот беше неочекувано брз. Побрз од уметниците што работат надвор од Македонија, отколку од уметниците во Скопје.

Во Музејот ни беше речено и тоа: првиот термин за добивање делата во Музејот бил 26 јуни, потоа на барање на скопските уметници е продолжен до 5 јули, дела се добивани и на 8 јули, а некои уметници најавиле дека делата ќе ги донесат на 20 јули. Не би изненадило, ако нашите скопски уметници своите дела ги донесат еден ден пред отворањето на изложбата. На тоа упатува продолжувањето на терминот.

Всушност, во Градскиот музеј многу повеќе се работи на една друга изложба. Таа, предвидуваат во Музејот, ќе ја прикажат на идната Средба. Потфатот е голем — ангажирани се сите соработници на оваа установа но, главно работите ги води одделението „26 јули“ при Музејот. На идната изложба, за која се смета да бидат утрошени околу 12 милиони динари, ќе биде прикажана катастрофата, солидарноста и перспективата. Изложбени материјали се фотографии, предмети за употреба во домаќинството демодирани од земјотресот, публикации, весници, поетски творби и — прославата на Денот на солидарноста во 1964 и 1965 година, или само Првата средба. На оваа изложба ќе бидат прикажани и цртежи и макети од урбанистичкото решение на ново Скопје. На таа изложба, секако, ќе бидат прикажани и експонатите што Градското собрание ги прими на подарок, и што дниве му ги отстапи на Музејот — 22 графики, 11 масла и една фреска. Од нив ќе биде направен избор и за годинешнава изложба „Скопје 63 низ ликовни дела“, од оние што одговараат на темата.

— Оваа изложба, — вели директорот на Музејот ќе ја прикажеме во Сајмиштето. И ќе ја прикажеме, ако успееме целосно да ја прикажеме. Нема да одиме на делумно реализирање на замислата. Тоа треба да биде изложба што секого ќе го заинтересира, и изложба што ќе одговори на барањето на секој посетител. Затоа, сите ние знаеме што беше земјотресот и сите ние ќе посакаме да го видиме на изложбата онаков каков што го видовме пред две години — во јули.

**О. Спиркоска**

Нова Македонија, 16. VII. 1965